| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 | Услови за потпис | | За да добие потпис и да пристапи на завршен испит студентот е потребно да јапосетува теоретската настава | | | |
| 19 | Начин на оценување | | | | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | | | | |
| | 19.2. | Семинарска работа/**проект**, презентација писмена и усна: бодови | | | 40 бода | |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | | | 60 бода | |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | | до 59 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | | | од 60 до 68 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | | | од 93 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот | | |
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Wolfgang Bengel | Mastering dental photography | Quintessence Publishing Co, Ltd. London | 2006 |
| | | 2. | Irfan Ahmad | Essentials of Dental Photography | Wiley Blackwell | 2020 |
| | | 3. | Предметни наставници | Авторизирани предавања | Стоматолошки факултет - Скопје | 2019 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | 1. | | | | |

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Клиничка фиксна протетика | | | |
| 2. | Код | ДМЗКФ5 | | | |
| 3. | Студиска програма | Дентална медицина - интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ-Стоматолошки факултет –Скопје, Катедра по стоматолошка протетика | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 5 | семестар | 9 и 10 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 9 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Одговорен наставник – Проф. д-р Весна Коруноска – Стевковска<br>Наставници од Катедрата за стоматолошка протетика | | | |
| 9. | Јазик на кој се | македонски | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | изведува наставата | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Ислушани сите задолжителни предмети од четврта година и<br>положени сите задолжителни предмети од трета година |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето | Студентите да се оспособат за самостојно поставување на дијагноза, подготовка на план на терапија кај пациенти кај кои има индикација за изработка на фиксни протетички реставрации, вклучително и решавање на комплицирани клинички случаи каде протетичката терапија ќе биде спроведена со фиксни и мобилни протетички конструкции. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | **I. Поглавје:Фиксно-протетички реставрации што се изработуваат на поединечни заби**<br>- Вовед, дијагноза и план на терапија за изработка на фиксно-протетичкинадоместоци на еден заб.- 1 час<br>- Планирање и проценка station назабите какопотенцијални носачи на коронки1ч<br>- Видови на коронки и надградби, индикации и контраиндикации.- 1 час<br>- Средства запрепарација на заби, принципи на препарација на забите 1ч.<br>- Видови на демаркации и нивна поставеноство однос на маргиналната гингива.- 1 час<br>- Хемиска заштита на препарираните заби.- 1 час<br>- Клинички фази на работа приизработка на коронки целосно изработени од метали металкерамички коронки.- 1 час<br>- Клинички фази на работа при изработка на целосно керамички коронки и естетски фасети.- 1 час<br>- Клинички фази на работа при изработка на индивидуални и конфекциски коренски надоградби.- 1 час<br>- Подготовка на меките ткива и техники за отпечатување.- 1 час<br>- Привремени коронки.- 1 час<br>- Коронки над импланти.- 1 час<br>- Коронки кај комбинирани протетички изработки.- 1 час<br>- Проба на коронките на испрепарираните заби во устата на пациентот 1ч<br>- Видови цементи, привремено и/или трајно цементирање на коронките1ч<br>**Резултати од I поглавје:** Студентот се запознава со видовите реставрации што можат да бидат изработени на еден заб, дијагнозата, индикациите и планирањето на фиксно-протетичката терапија, клиничките фази на работа, почнувајќи од препарација на забите за изработка на различни видови коронки, земање отпечатоци, хемиска и физичка заштита на испрепарираните заби, проба на реставрациите, па сè до нивно цементирање во устата на пациентот.<br>**II. Поглавје: Фиксно-протетички реставрации што се изработуваат на повеќе заби – дентални мостови**<br>Дефиниција за дентален мост, негови делови, фактори на отпорност на денталните мостови,услови за изработка, индикации и контраиндикации за изработка на дентален мост, предности и недостатоци на денталните мостови, улога на денталниот мост – негови функции.- 1 час<br>Класификација –видови на дентални мостови.- 1 час<br>Материјали за изработкана дентални мостови, фактори што влијаат на изборот на материјал, специфични индикации.- 1 час<br>Дијагноза и план на терапија, фактори што влијаат врз планот на терапија.- 1 час<br>Вреднување на забите носачи на мостовната конструкција.- 1 час<br>Статика на дентален мост, сили што делуваат на денталните мостови.- 1ч<br>Препарација на забите за изработка на дентален мост, принципи на препарација, инструменти, фази на препарација.- 1 час<br>Постапки за решавање на Попов-Годонов феномен.- 1 час<br>Клинички постапки по препарација на забите во функција на заштита на дентинската рана - запечатување на дентинот.- 1 час<br>Земање на отпечаток - материјали и лажици за земање на отпечаток, подготовка на меките ткива за земање на отпечаток.- 1 час<br>Проба на реставрацијата во две фази: проба на скелетот, проба на фасетираниот дентален мост.- 1 час<br>Привремени мостови и нивно цементирање.- 1 час |

| | | |
|---|---|---|
| | | Дефинитивно цементирање – подготовка за цементирање, видови цементи, чистење на реставрацијата по цементирањето.- 1 час<br>Протетичка рехабилитација со комбинирани изработки – фиксни дентални мостови и подвижни скелетирани протези; цементирање на комбинирани реставрации.- 1 час<br>Компликации во текот на протетичката терапија со дентални мостови, фрактура на фасетниот дел, можност за репарација.- 1 час<br>**Резултати од II поглавје:** Студентот се запознава со видовите дентални мостови што можат да се изработат на преостанатите заби во устата на пациентот, дијагнозата, индикациите и контраиндикациите, планирањето на фиксно-протетичката терапија, клиничките фази на работа, почнувајќи од препарација на забите за изработка на различни видови мостовни конструкции, нивна паралелизација, земање отпечатоци, хемиска и физичка заштита на испрепарираните заби, проба на реставрациите, па сè до нивно цементирање во устата на пациентот. Студентот ќе стекне знаења за решавање на комплицирани клинички случаи, терапија во случај на Попов-Годонов феномен, како и комбинирана – фиксно-мобилна протетичка терапија. Ќе се запознае со грешките што можат да бидат направени при спроведувањето нафазите за изработка на дентални мостови, компликациите што можат да се појават по терапијата, вклучително и фрактури на мостовните конструкции и можноста за нивна репарација.<br>**Вкупно: ..........................................................................*30 часа***<br><br>**Практична настава–вежби**<br>Практичната настава ќе биде реализирана во согласност со теоретските методски единици и ќе ги опфати сите клинички фази при изработка на фиксни протетички реставрации.<br>- Во текот на првиот семестар настава 45 часа<br>- Во текот на вториот семестар настава 60часа.<br>***Вкупно ..........................................................................105часа*** |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Поврзаност со предметите: Претклиничка фиксна протетика, Дентални материјали, Стоматолошки апарати и опрема. |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Интерактивна настава во голема група, клинички вежби - работа во мали групи при работа со пациенти, демонстрирање на инструментите и методите кои се користат, тимска работа. |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 270 часа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 30 часа |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 105 часа |
| | | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 135 часа |
| 18 | Услови за потпис | | | |
| 19 | Начин на оценување | | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | | 30 бодови |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | 10 бодови |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | | 60 бодови |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 59 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | од 60 до 68 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | од 93 до100бода | 10 (десет) (А) |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | Самоевалуација од страна студентите, активност и учество во текот на одржувањето на теоретската настава, контрола во текот на изведувањето на практичната настава – клиничката работа со пациентите, проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот. | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Бајевска Ј. | Стоматолошка керамика | Стоматолошки факултет | 2014 |
| | | 2. | Мирчев Е. | Клиника на фиксната стоматолошка протетика | Студентски збор, Скопје | 1996 |
| | | 3. | Rosenstiel SF, LandMF, Fujimoto J. | Contemporary fixed prosthodontics 4th edition | St. Louis: Mosby Inc | 2006 |
| | | 4. | Shillingburg H.T. et al. | Fundamentals of Fixed Prosthodontics 4th edition | Quintessence Publishing Co. Chicago | 2012 |
| | | 5. | Adnan Ćatović, Dragutin Komar, Amir Ćatić I suradnici | Klinička fiksna protetika 1 – Krunice | Medicinska naklada, Zagreb | 2015 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Емилија Бајрактарова Ваљакова | Стоматолошки апарати и опрема | Емилија Бајрактарова Ваљакова | 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Клиничка ендодонција | | | |
| 2. | Код | ДМЗКЕ5 | | | |
| 3. | Студиска програма | Дентална медицина - интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ-Стоматолошки факултет –Скопје, Катедра по болести на забите и ендодонтот | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 5 | семестар | 9 и 10 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 9 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Одговорен наставник: проф д-р Соња Апостолска<br>*Во наставата ќе бидат вклучени сите наставници од катедрата | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Отслушани сите задолжителни предмети од 7 и 8 семестар и положени сите задолжителни предмети од 5 и 6 семестар. | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и | Стекнување на вештини за самостојно поставување дијагноза и спроведување на ендодонтска терапија на заби со заболена пулпа и | | | |